ЗАПИСНИК
од 3-та седница на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија при ЗЕЛС
Скопје, 13 мај, 2025 г.

Присутни: Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба, Ридван Ибраими, градоначалник на Општина Арачиново, Борче Јовчески, градоначалник на Општина Прилеп, Дарко Коцевски секретар во ОпштинаТетово

Отсутни: Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово, Марко Колев, градоначалник на Општина Велес, Горан Трајковски, градоначалник на Општина Делчево, Митко Јанчев, градоначалник на Општина Кавадарци, Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар, Иван Јорданов, градоначалник на Општина Штип

На комисијата беа поканети и присуствуваа Орце Ѓорѓиевски, претседател на ЗЕЛС, Ѓоко Велковски, заменик-министер за социјална политика, демографија и млади и Душан Томшиќ, консултант за децентрализација во социјалната заштита

Седницата на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија го имаше следниов дневен ред:

# ДНЕВЕН РЕД

1. **Презентирање на двата концепти за децентрализација на надлежностите на Центрите за социјална работа**
2. **Дискусија по следни чекори за средби со централната власт и организирање на Форум за претставување на документ за ставовите на ЗЕЛС за децентрализација на социјалната заштита**

По констатирање на точките од дневниот ред за седницата, претседателот на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија Бобан Стефковски направи хронологија на претходните две седници кои беа посветени на изнаоѓање на решенија и модели за децентрализација на социјалната заштита во Р.С. Македонија и предложи по претставувањето на двата модели од страна на експертот и дискусијата по истите од присутните, меѓу кои и претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски и заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски, да се продолжи со вклучување на сите релевантни фактори од централно ниво, вклучително и Министерството за финансии, како и советниците во Владата за социјална политика.

Експертот за децентрализација на социјалната заштита, Душан Томшиќ кој ги подготви двата модели за децентрализација на Центрите за социјална заштита најпрво го претстави првиот модел за целосна административна и делумна фискална децентрализација. Зборуваше за придобивките од децентрализација, понатаму за категоризацијата на ЦСР од кои зависи и моделот на децентрализација и пренесувањето на надлежностите. Понатаму се осврна, како да оди пренесувањето на надлежности, кои иако овде се претставени по фази сепак по консултации и со директорката на ЗЕЛС, Душица Перишиќ е подобро да оди одеднаш за сите општини, секако со претходни логистички подготовки и законски измени кои не би траеле подолго од две години. Подетално зборуваше за тоа кои надлежности од сферата на социјална заштита да се децентрализираат, а надлежноста за одлучување за користење на парична помош од социјална и детска заштита делумно да се децентрализира. Понатаму,

елаборираше за начинот на кој би се финансирале овие услуги и тоа преку блок и наменски дотации при што ќе се бара да се одвои поголем процент од ДДВ и персоналниот данок за општините со што би се подобрила финансиската кондиција на општините, а со тоа и можноста за финансирање на социјалните услуги. За овој модел како примери на добри пракси беа претставени системите за социјална заштита во Србија, Бугарија и Косово. При тоа, ги потенцираше и предностите, но и ризиците кои ги носи овој модел на децентрализација.

Понатаму, го претстави и вториот модел за децентрализација за целосна административна и фискална децентрализација на надлежностите за социјалните услуги на ЦСР, додека надлежностите за остварување на паричните права да останат централизирани и администрирани преку нова Национална агенција за администрирање на правата на парична помош со регионални и локални централно финансирани деконцентрирани единици. Овој модел исто така го претстави со сите организациски, финансиски и системски промени кои би ги преземале и локалните и централните власти нагласувајќи дека е административно и логистички покомплициран и подолгорочен.

Откако Томшиќ заврши со презентацијата на двата модели, препорачувајќи го првиот модел се обрати и претседателот на ЗЕЛС кој се согласи со препораката на Душан дека првиот модел е поприфатлив и соодветен на моменталните прилики во државата, но предложи за добивање на консензус од мнозинството да се одлучува на следната седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС каде би се претставиле и двата модели за децентрализација на ЦСР. А потоа, да се разговара и преговара по избраниот модел со релевантните министерства и Владата.

Заменик-министерот Ѓоко Велковски несомнено се согласи дека централната власт треба да продолжи со обврската за пренесување на надлежностите на локално ниво, вклучително и за целосната децентрализација на социјалната заштита бидејќи локалните самоуправи најдобро ги познаваат потребите и проблемите на жителите и најдобро може да развиваат соодветни социјални услуги. За тоа според него е потребно да има подобра координација со ЦСР, прецизна распределба на надлежностите помеѓу централно и локално ниво, јасни механизми за финансирање, кадровска екипираност и континуирана едукација на вработените, како и зголемување на капацитетите за планирање и управување со социјалните услуги на локално ниво. Тој нагласи дека од голема важност е услугата да допре до најдалечното место, до секој граѓанин на која му е потребна, па затоа сподели размислување за постоење на регионални центри но и нивни задолжителни подрачни единици. Тој обрна внимание и на потребата за утврдувањето на контрола на начинот на реализацијата на работењето на центрите и на спроведувањето на социјалните услуги. Загриженоста на министерот одеше во насока на кадровската подготвеност на општините, како и за избегнување од евентуални ситуации на прекин во давањето на некои услуги што сега ги добиваат граѓаните. Тој информираше дека во рамките на ова министерството е започната постапка на изработка на функционална анализа на сите центри за социјална заштита, како и проценка на финансиските средства што се потребни за чинење на одредени социјалните услуги. Во таа насока посочи и на можностите за размислување на воведување на партиципација за одредени услуги.
Директорката на ЗЕЛС додаде дека е многу важен тој контролен механизам и како ќе се организира финансирањето на социјалните услуги и истакна дека во некои земји како Србија 50% до 80 % од персоналниот данок оди за општините, дека во Хрватска , во Град Загреб тоа е и 100% за општината, додека кај нас овој процент е многу низок и изнесува само 6%.

На крај, претседателот на Комисијата, Бобан Стефковски заклучи дека е прифатлив предлогот на претседателот на ЗЕЛС, Ѓорѓиевски за претставување на моделите пред членовите на ГС на ЗЕЛС, но и дека паралелно да се оди со запознавање со моделите и во ресорното министерство со достава на моделите до нив во најбрзо време. И понатаму, да се продолжи со

лобирање и застапување и пред другите релевантни чинители, како Министерство за финансии, Национално координативно тело за социјална заштита, советници во Владата и потоа да се направи конкретен Акциски план за спроведување на активности кои ќе водат до децентрализација на социјалната заштита во еден реален временски рок.

Скопје, 13 мај, 2025 година

Комисија за социјална заштита и

социјална интеграција при ЗЕЛС

Претседател

Бобан Стефковски